Берово
Бр. 22 - 535 / 2
Од 05.02.2021 год.

INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-008/2016

Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

ОПШТИНА
БЕРОВО

„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail: so.berovo@t.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Општина Берово, на ден 05.02.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за неспроведување на стратегиска оцена

1. **За локална урбанистичка планска документација со намена за Е2 - комунална супраструктура - градби за производство на енергија (ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ) на КП 3193, КП 3194 и КП 3195 КО Берово вон град, општина Берово -ПРЕДЛОГ ПЛАН** кој го донесува Советот на општина Берово ***не е потребно да се спроведе стратегиска оцена*** на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 1 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **локална урбанистичка планска документација со намена за Е2 - комунална супраструктура - градби за производство на енергија на (фотоволтаични централи) на КП 3193, КП 3194 и КП 3195, КО Берово вон гр, општина Берово** – предлог план, нема да има значително влијание врз животната средина, од следните причини:

Според *Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Службен весник на РМ бр. 153/07, и 45/11)* во член 3 стои – Стратегиска оцена се спроведува на плански документи доколку со нив се предвидува спроведување на проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина или кои влијаат врз заштитените подрачја прогласени согласно Закон

На предвидената локација ќе се спроведува проект за производство на електрична енергија од обновливи извори, што претставува лесна и незагадувачка индустрија и за истата не е предвидено изработка на ОВЖС.

3. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Берово на следната веб адреса: www.berovo.gov.mk

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Берово во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОПШТИНА БЕРОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО